# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 6/2023
## 20.03.2023 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за кофинансирање на Општина Неготино во врска со Програмата за регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година за доставување на предлог проект Реконструкција на плоштад, фаза1**

Се објавува **Одлука за кофинансирање на Општина Неготино во врска со Програмата за регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година за доставување на предлог проект Реконструкција на плоштад, фаза1,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **17.03.2023** година.

**Бр.09- 271/1**
**20.03.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино ("Сл. Гласник на Општина Неготино" бр. 3/06,2/11,9/11 16/12, 14/16, 13/20 и 3/22), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **17.03.2023** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

### за кофинансирање на Општина Неготино во врска со Програмата за регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година за доставување на предлог проект Реконструкција на плоштад,фаза1

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за учество на Општина Неготино во Програмата за регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година и Центарот за равој на Вардарски плански регион преку ,,*Реконструкција на плоштад,фаза1, општина Неготино,,* финансирано од Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој .

**Член 2**

Вкупната вредност на инвестицијата за реализација на проектот изнесува **12.000.000,00** денари од кои Општина Неготино обезбедува 41.3 % од вредноста на предлог-проектот или **4.951.158,00** денари, а Бирото за регионален развој 58,7% односно **7.048.842,00** денари.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од буџетот на општина Неготино за 2023 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр. 08-261/3**
**17.03.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

**СОДРЖИНА**

**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 6/2023**

1. **Заклучок за објавување на Одлука за кофинансирање на Општина Неготино во врска со Програмата за регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година за доставување на предлог проект Реконструкција на плоштад, фаза1**

2. **Одлука за кофинансирање на Општина Неготино во врска со Програмата за регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година за доставување на предлог проект Реконструкција на плоштад, фаза1**